Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 78, 15 април 2012 година

април 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области изградба на јамски простории и механизација и автоматизација на рудниците на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата „Основи на биохемија“ од доц. д-р Татјана Рушковска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 10

**РЕЦЕНЗИЈА** на практикум „Основи на биохемија“ од доц. д-р Татјана Рушковска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот Цитологија со хумана генетика од виш предавач д-р Невенка Величкова, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по цитологија со хумана генетика“ од виш предавач д-р Невенка Величкова и помлад асистент Мишко Милев, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Општа ентомологија“ од авторите доц. д-р Душан Спасов и асис. м-р Билјана Атанасова од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 20

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 21

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ОПШТА ЕНТОМОЛОГИЈА" ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ДУШАН СПАСОВ И АСИС. М-Р БИЛЈАНА АТАНАСОВА ОД ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, бр. 1802-239/9 од 20.12.2011 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Слободан Банџо, редовен професор на Земјоделскиот институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,
- д-р Саша Митрев, редовен професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Рецензентската комисија во горенаведениот состав, по добивањето на материјалот и по деталното прегледување, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата „**Општа ентомологија**" е наменета за изучување на дел од предметот Ентомологија. Предметот Ентомологија се изучува во шестиот семестар на Општата насока на Земјоделскиот факултет и има неделен фонд на часови 2+2+1. Учебникот е напишан на 106 страници и има шест поглавја со повеќе потпоглавја. Воведниот дел е краток, но дава мошне добар историски осврт на ентомологијата како наука и значењето на инсектите во екосистемите. Во поглавјата *Надворешна анатомија на инсектите*, *Внатрешна анатомија и физиологија на инсектите* и *Размножување и развиток на инсектите* сеопфатно се прикажани сознанијата за градбата и развитокот на инсектите. Во текстот се имплементирани и 26 слики и цртежи со кои мошне пластично се појаснува текстот. Во поглавјата *Однесување на инсектите* и *Екологија на инсектите* е даден осврт на влијанијата на животната средина, внатревидовото и меѓувидовото однесување на инсектите врз развојот на популациите и нивното влијание на екосистемите во кои се развиваат.

Скриптата во целост ја опфаќа и мошне добро ја објаснува наставната материја која е предвидена во наставната програма и овозможува студентите лесно да ги усвојат потребните знаења.

Неопходно е да се укаже и на фактот што досега во рамките на наставно-научната дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" не е објавено учебно помагало од оваа област.

Врз основа на горенаведените факти, задоволство ни е да дадаме позитивна рецензија на скриптата „Општа ентомологија".

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Слободан Банџо, с.р.**
**Проф. д-р Саша Митрев, с.р.**